| Седмица: 3-1 час<br>Дата: | | | Тема: Живеалишта<br>Час: Користење клучеви за идентификација | | | 4 одд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 | Користи едноставни клучеви за одредување<br>со цел групирање и именување на растенијата и животните | **Сите мора:** Да ги препознаваат растенијата и животните во нивната околина. | Се прашуваат учениците дали им било лесно да ги препознаат растенијата и животните што ги нашле во својата околина во минатите часови при набљудувањето. | З | Слики од различни растенија, вклучително оние што може да се најдат во блиската околина | Прашање/ одговор<br><br>Дискусија<br><br>Набљудување |
| 20. | Врши релевантни набљудувања и споредби во најразлични контексти | **Повеќето можат:** Да користат клуч за одредување на животни и растенијата.<br><br>**Некои можат:** Да ги препознаат опишат и именуваат животните кои ги истражуваат. | Им се објаснува дека во светот постојат милиони животни и дека научниците треба да имаат начин за да ги идентификуваат за да можат да ги подредат во групи. Затоа се користи клуч за идентификација на растението или животното и со помош на тој клуч се врши класифицирање.<br><br>За подобро разбирање на ова се користи (готов) клуч со прашања и одговори. Се разговара за секое прашање и даден одговор.<br><br>Следуваат прашања.<br><br>1.На кој начин ни помага клучот за идентификација?<br><br>2.Кои два одговора можат да се дадат на прашањето поставено во клучот за идентификација?<br><br>3.Како можеш да го прошириш клучот кој што го работевме? | Г | Клуч за одредување со прашања со одговор – прирачник по природни науки стр. 12<br><br>Слики од животни во клучот за одредување. | |
| 15. | | | На учениците им се дава предизвик да изберат 4 животни и да нацртаат клуч што ќе им помогне да ги идентификуваат.<br>Ученици работат во мали групи и го следат клучот кој претходно беше даден за пример.<br><br>Презентирање на сработеното. | И | | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Организација**: Детали за поделба по улоги /групи/возрасни (поврзано со активностите) | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **клучни термини** |
|---|---|---|
| Заедничка форма поради повторување од претходната година<br>Заедничка форма заради резиме на наученото. | За домашна работа да го потполнат клучот за идентификација на стр . 12 во вежбанката. | Клуч за идентификација |

obrazovanie.literatura.mk